4.6.69

2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 30 мај 1969
Скопје
Број 21 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**186.**

Врз основа на член 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 5/69), Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на својата седница одржана на 22 април 1969 година, го утврди пречистениот текст на Законот за угостителска дејност на граѓаните и за минималните технички услови на угостителските објекти.

Пречистениот текст на Законот за угостителска дејност на граѓаните и за минималните технички услови на угостителските објекти ги опфаќа: Законот за угостителска дејност на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 28/65) и Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 5/69), во кои е означено времето на влегувањето во сила на тие закони.

Бр. 1580
25 април 1969 година
Скопје

**Претседател**
на Законодавно-правната комисија,
**Кочо Тулевски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ И ЗА МИНИМАЛНИТЕ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ

**(Пречистен текст)**

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Вршењето на угостителската дејност од страна на граѓаните и вршењето на услуги за сместување и исхрана од страна на домаќинствата, како и минималните технички услови за изградбата, уредувањето и опремата на деловните простории на угостителските и други организации и на граѓаните во кои се врши угостителска стопанска дејност и на деловните простории на работните и други организации, државните органи и здруженијата на граѓаните во кои се вршат угостителски услуги за нивните членови се уредуваат според одредбите на Основниот закон за угостителската дејност, овој закон и прописите донесени врз основа на нив.

Член 2

Минималните и технички услови за изградба, уредување и опрема на угостителските објекти пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на него, не се применуваат на услугите за исхрана и пијалоци што привремено се вршат на отворен простор (плажи, пазаришта, панаѓури, собири и други такви приредби).

Општинското собрание на седница може да пропише минимални технички услови за вршење на услугите од претходниот став.

### II. УГОСТИТЕЛСКИ ДУЌАН НА САМОСТОЕН УГОСТИТЕЛ

Член 3

Граѓаните можат со лична работа и свои средства да вршат угостителска дејност под условите определени со овој закон.

За вршење на угостителска дејност граѓаните основаат угостителски дуќани како самостојни угостители (угостителски дуќани).

Член 4

Најмногу три лица можат да се здружат и да основаат угостителски дуќан (заеднички угостителски дуќан).

Лицата што основаат заеднички угостителски дуќан мораат да ги исполнуваат условите пропишани за основање и работење на угостителски дуќан, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Како заеднички угостителски дуќан не може да се основа: бифе, крчма и ќебапчилница.

Член 5

Дополнителна работа во угостителски дуќан можат да вршат најмногу тројца работници.

По исклучок од претходниот став дополнителна работа во угостителски дуќан, бифе, крчма и ќебапчилница, како и во заеднички угостителски дуќан, може да врши најмногу еден работник.

Член 6

Угостителскиот дуќан што врши услуги за сместување може да има најмногу 20 легла.

Член 7

Угостителски дуќан може да врши една или повеќе видови угостителски услуги.

Видовите на угостителски услуги се: исхрана, сместување и точење на алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Член 8

Предметот на работењето на угостителски дуќан се определува, според обичаите во угостителството, по видови на угостителски услуги и начинот на вршење на тие услуги.

Видови на угостителски дуќан се: гостилница, ќебапчилница, бифе, кафеани, пансион, ноќевалишта и друго. Видот на угостителскиот дуќан се утврдува според угостителските услуги што дуќанот претежно ги врши.

Член 9

Угостителски дуќан може, без посебно одобрение, да врши дополнително други стопански дејности, кои се во врска со неговата основна дејност, а се вообичаени во угостителството (продавање на преработки на тутун, кибрит, разгледници, сувенири, издавање на чамци и чадори под наем и слично).

Угостителски дуќан не може во рамките на дополнителната дејност, да врши услуги и на трети лица.

Член 10

Угостителски дуќан задолжително има свое деловно седиште.

Член 11

Угостителски дуќан работи врз основа на одобрение.

Член 12

Самостојниот угостител самостојно и трајно ја врши угостителската дејност што е предмет на работењето на угостителскиот дуќан.

Самостоен угостител може да врши угостителска дејност и само за определено време во текот на годината (за време на туристичката сезона и слично).

Член 13

Угостителски дуќан може да основа лице што ги исполнува следниве услови:

1. да е деловно способно;

2. да има пропишана стручна спрема или да е стручно оспособено за вршење определена угостителска дејност и да ги исполнува општите здравствени услови;

3. да не му е забрането самостојно вршење на угостителска дејност со правосилна судска пресуда или со решение за прекршок;

4. тоа или член на неговото потесно семејство што живеат во заедничко домаќинство да немаат угостителски дуќан на територијата на СФРЈ;

5. да има деловни простории кои одговараат на пропишаните технички услови во поглед на изградбата, уредите, опремата и здравствено-техничките услови пропишани за определениот вид на угостителски дуќан;

6. да не е во работен однос и да не врши друга самостојна дејност;

7. да ги исплатило стасаните придонеси и даноци.

Како член на потесното семејство, во смисла на член 37 став 3 од Основниот закон и точка 4 од претходниот став се смета брачниот другар, децата, посвоениците, родителите и посвоителите ако живеат во заедничко домаќинство со лицето што основа односно има угостителски дуќан.

Член 14

Одобрение за основање на угостителски дуќан издава органот на управата надлежен за работите на угостителството на општинското собрание.

Одобрението особено содржи:

а) лично име на самостојниот угостител;

б) видот на угостителската дејност што ќе биде предмет на работа на угостителскиот дуќан односно видот на угостителскиот дуќан;

в) деловното седиште на угостителскиот дуќан;

г) обврската угостителскиот дуќан да почне со работа во рок од 6 месеци;

д) означување дали угостителските услуги се вршат во текот на целата година или само во определено време (сезонски или слично).

Ако се основа заеднички угостителски дуќан одобрението за основање мора да ги содржи личните имиња на сите основачи.

Член 15

Издавањето на одобрение за основање на угостителски дуќан не може да се одбие ако лицето ги исполнува условите пропишани со овој закон.

Член 16

Секој угостителски дуќан мора да биде запишан во регистарот на угостителските дуќани.

Регистарот се води во општинското собрание што го издава одобрението.

Уписот на угостителскиот дуќан во регистарот се врши по службена должност во рок од 10 дена од денот на издавањето на одобрението за основање на угостителски дуќан.

Со запишувањето во регистарот угостителскиот дуќан се смета за основан.

Начинот на водењето и образецот на регистарот ќе ги пропише републичкиот секретар за индустрија и трговија.

Член 17

Стручната спрема се докажува со свидетелство за завршено стручно училиште и положен завршен испит, односно со свидетелство за положен стручен испит за квалификуван работник од соодветно угостителско занимање.

Стручната способност се утврдува со проверување од страна на посебна комисија.

Составот на комисијата и начинот на проверувањето на стручната способност, како и програмата врз основа на која ќе се врши проверувањето ги пропишува републичкиот секретар за труд во согласност со републичкиот секретар за индустрија и трговија.

Член 18

Угостителскиот дуќан може да има само едно деловно седиште.

Како деловно седиште се смета местото означено во одобрението за основање на угостителскиот дуќан.

Член 19

Деловните простории мора да бидат во местото определено како деловно седиште на угостителскиот дуќан.

За вршење на угостителски услуги угостителските дукани можат до деловните простории, според локалните урбанистички прописи, да уредат летни бавчи со претходно одобрение од органот на управата надлежен за работите на угостителството на општинското собрание.

Член 20

Угостителскиот дуќан дејноста ја врши во своите деловни простории.

Член 21

Угостителскиот дуќан може да изврши промена на деловните простории и на деловното седиште на дуќанот.

Промената на деловните простории во иста општина самостојниот угостител може да ја изврши по претходно одобрение на општинскиот орган надлежен за работите на угостителството.

Во случај на промена на деловното седиште на угостителскиот дуќан од една во друга општина, одобрението за основање на угостителскиот дуќан престанува да важи со поднесувањето на одјавата.

Член 22

Угостителскиот дуќан може да врши услуги само во рамките на угостителската дејност означена во одобрението за неговото основање.

Член 23

Угостителскиот дуќан работи под назив во кој е содржано личното име на самостојниот угостител и видот на угостителскиот дуќан. Во називот можат да се внесат и други ознаки.

Називот на заедничкиот угостителски дуќан мора да содржи назначување дека е заеднички угостителски дуќан и личното име најмалку на еден од основачите.

Називот под кој угостителскиот дуќан работи мора да биде истакнат над или покрај влезот во деловната просторија.

Член 24

Угостителскиот дуќан е должен да биде отворен во определено работно време.

Работното време од претходниот став го пропишува општинското собрание.

Член 25

Угостителскиот дуќан лично го води и работите во него ги врши самостојниот угостител на кого му е издадено одобрението за основање на угостителски дуќан.

Член 26

Самостојниот угостител може, преку работоводител, да го води односно привремено да го запре водењето на угостителскиот дуќан врз основа на одобрение:

1. за време на болест односно болување;
2. за време на користење одмор или отсуство по кој и да било друг основ;
3. за време на воена вежба или вршење на друга јавна служба;
4. во случај на губење на деловната просторија без негова вина, како и при вршење на поголеми поправки на деловните простории или опремата;
5. во случај на притвор и истражен затвор;
6. во случај на издржување казна затвор до 6 месеци.

Водењето преку работоводител, односно привременото запирање во случај од претходниот став може да се одобри само додека постојат тие причини, а најдолго до една година. По исклучок, во случаите од т. 1 и 3 на став 1 од овој член, органот на управата надлежен за работите на угостителството на општинското собрание може да го продолжи овој рок, додека постојат тие причини.

Работоводителот мора да ги исполнува условите од точка 1, 2, 3, 4 и 6 на член 13 од овој закон.

Одобрение од став 1 на овој член не е потребно ако привременото запирање на водењето на угостителскиот дуќан трае помалку од 8 дена.

Член 27

Одобрението за водење преку работоводител односно за привремено запирање на угостителскиот дуќан го издава, по барање на самостојниот угостител, органот на управата надлежен за работите на угостителството на општинското собрание.

Привременото запирање мора да се објави на влезната врата на деловната просторија.

Член 28

Самостојниот угостител е должен да го пријави продолжувањето на водењето на угостителскиот дуќан на органот на управата надлежен за работите на угостителството на општинското собрание во рок од 8 дена од престанокот на причината поради која настанало привременото запирање.

Член 29

Угостителскиот дуќан престанува:

1. со смртта на самостојниот угостител;
2. со одјавување;
3. со огласување престанок на угостителскиот дуќан;
4. по силата на законот.

Престанокот на угостителскиот дуќан се утврдува со посебно решение врз основа на кое угостителскиот дуќан се брише од регистарот на угостителските дуќани.

Решението од претходниот став се донесува во рок од 10 дена од настапувањето на основот за престанок. Угостителскиот дуќан се брише од регистарот на угостителските дуќани по правосилноста на решението за неговиот престанок, доколку со овој закон не е поинаку определено (член 33).

Со бришењето од регистарот угостителскиот дуќан престанува.

Со смртта или со настапување на основите за престанок по силата на законот од точка 1, 2, 4, 6 и 7 на член 32 на овој закон кај еден од самостојните угостители во заедничкиот угостителски дуќан, другите основачи можат да продолжат со водење на дуќанот. Тие се должни, во рок од 15 дена од настапувањето на тие околности да го известат за тоа општинскиот орган што го води регистарот за да се изврши соодветна измена во регистарот.

Член 30

Одјавувањето на угостителски дуќан се врши писмено или со изјава на записник кај органот што го издал одобрението за основање на дуќанот.

Ако самостојниот угостител продолжи со работа по бришењето на дуќанот од регистарот, ќе се смета дека угостителската дејност ја врши без одобрение за основање на угостителски дуќан.

Член 31

Органот на управата надлежен за работите на угостителството на општинското собрание ќе огласи престанок на угостителски дуќан ако:

1. дополнително утврди дека самостојниот угостител одобрението за основање на угостителски дуќан го добил врз основа на лажни документи;
2. судот на честа на Стопанската комора на Македонија утврди потешки повреди на деловните обичаи на угостителскиот дуќан.

Член 32

Угостителскиот дуќан престанува по силата на законот ако самостојниот угостител:

1. ја изгуби деловната способност, освен во случајот од член 33 на овој закон;
2. со правосилна судска пресуда биде осуден на забрана на вршење на угостителска дејност;
3. со правосилно решение на судијата за прекршоци му се одземе одобрението за вршење на угостителска дејност;
4. да биде осуден на издржавање казна затвор во траење подолго од 6 месеци или казна строг затвор;
5. не почне со работа за време од 6 месеци од денот на издавањето на одобрението за вршење на угостителска дејност;
6. засновал работен однос или врши друга самостојна стопанска дејност;
7. престане да ги исполнува пропишаните здравствени услови.

Член 33

Во случај на смрт или губење на деловната способност на самостојниот угостител, неговиот брачен другар или малолетните деца можат да продолжат со водење на угостителскиот дуќан сами или преку работоводител.

Член 34

Продолжување на водењето на угостителскиот дуќан од претходниот член задолжително се пријавува на органот на управата надлежен за работите на угостителството на општинското собрание на чие подрачје се наоѓа деловното седиште на дуќанот, во рок од 3 месеци од смртта односно губење на деловната способност на самостојниот угостител.

Кон пријавата се приложува:

1. извод од матичната книга на умрените за смртта на самостојниот угостител;
2. докази дека брачниот другар односно работоводителот ги исполнува условите од точка 1, 2, 3, 4 и 6 од член 13 на овој закон.

Органот на управата надлежен за работите на угостителството на собранието на општината со решение ќе го одобри продолжувањето на водењето на угостителскиот дуќан од брачниот другар односно малолетните деца ако за тоа се исполнети пропишаните услови. Одобрението за продолжување на водење на угостителски дуќан може да се даде на брачен другар односно на малолетните деца и во текот на отказниот рок за престанок на работниот однос.

Член 35

Брачниот другар односно малолетните деца кои во рокот од став 1 на член 34 на овој закон не го пријават продолжувањето на водењето на угостителскиот дуќан го губат правото на продолжување на водењето на угостителскиот дуќан.

Член 36

Самостојните угостители можат да засноваат долгорочна или привремена деловна соработка со одделни стопански организации кои вршат угостителска дејност (деловна соработка).

Предмет на деловната соработка може да биде вршење на угостителски услуги и други работи од дејноста на угостителскиот дуќан.

Член 37

Самостојниот угостител може со работна и друга организација или државен орган да договори вршење на определени угостителски услуги за нивни потреби односно за потребите на членовите на работната заедница.

Со договорот од претходниот став може да се предвиди самостојниот угостител да врши угостителски услуги во просториите на работната или друга организација односно државен орган или на некое друго место (градилиште и слично) надвор од деловните простории на угостителскиот дуќан на самостојниот угостител.

Член 38

Деловната соработка од член 36 и 37 на овој закон се засновува со писмен договор, во кој може да се предвиди работната или друга организација односно државен орган да вложи средства во угостителскиот дуќан за неговото опремување и развиток под услов самостојниот угостител да преземе соодветни обврски во врска со тие вложувања.

Член 39

Угостителски дуќан што врши услуги за сместување, а ги исполнува условите за одделни категории на објекти за сместување, предвидени во Правилникот за категоризација на угостителските објекти за сместување („Службен лист на СФРЈ" бр. 26/67), задолжително се распоредува во соодветната категорија на објекти.

## III. ВРШЕЊЕ УСЛУГИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ИСХРАНА ОД СТРАНА НА ДОМАЌИНСТВАТА

Член 40

Домаќинствата можат да ги користат своите станбени простории за вршење услуги за сместување и исхрана на патници и туристи како и за услуги за исхрана на други лица — абонирци, под условите определени со овој закон и прописите донесени врз основа на него.

Домаќинствата од претходниот став можат да издаваат најмногу 10 легла за сместување односно да вршат услуги за исхрана најмногу на 10 лица.

Домаќинствата се должни во просторијата во која се врши услугата на видно место да ја истакнат категоријата на собата, цените на леглата и на услугите за исхрана, како и да се придржуваат за нив.

Домаќинствата не можат да користат дополнителна работа на други лица што не се членови на домаќинството.

Член 41

Под услуги за сместување се подразбира издавање на легла на патници и туристи за одмор или сместување за време на патување.

Под услуги за исхрана се подразбира издавање на топли и ладни јадења.

Член 42

Просториите, опремата и уредите на домаќинствата од член 40 на овој закон треба да одговараат на основните здравствени и хигиенски услови.

Член 43

Домаќинствата издаваат соби непосредно или преку угостителски стопански организации, туристички стопански организации односно туристички друштва и слично.

Општинското собрание може да пропише издавањето на соби од домаќинства да се врши само на еден од начините предвидени во претходниот став.

За издавањето на соби преку угостителски стопански организации, туристички организации односно туристички друштва и слично, домаќинствата склучуваат договор со организацијата на која ѝ го доверуваат издавањето на соби.

Член 44

Домаќинствата можат да издаваат соби и да вршат услуги на патници, туристи и абонирци ако тоа го пријават на органот на управата надлежен за работите на угостителството на собранието на општината.

Во пријавата од претходниот став домаќинствата се должни да ја означат категоријата на собите и цените на леглата и на услугите за исхрана. Кон пријавата се приложува лекарско уверение дека членовите на домаќинствата не боледуваат од заразни болести.

Примената пријава се евидентира и за тоа на подносителот му се издава потврда.

Член 45

Органот од претходниот член ќе ја забрани дејноста на домаќинството ако угостителската дејност ја врши спротивно на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него,

Член 46

Собранието на општината може да ги пропише условите од член 42 на овој закон како и да пропише категоризација на собите.

## IV. МИНИМАЛНИ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМА НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ

Член 47

Прописите за изградба на инвестиционите објекти се однесуваат и на изградбата на угостителските објекти.

Член 48

Угостителските објекти мораат да ги исполнуваат следните општи минимални услови: да имаат инсталација за вода за пиење и техничка употреба, санитарен јазел, осветление, пристапен пат, фирма за видот и името на објектот, телефон, доколку има телефонска врска со местото и соодветна опрема за отпадоци.

Во местата каде што нема водовод, канализација или електрична мрежа, снабдувањето со вода, истечувањето на водата, измивањето на ВЦ, како и осветлувањето ќе се реши во согласност со санитарните и противпожарните прописи.

Член 49

Угостителските објекти за сместување, покрај општите минимални услови, мораат да ги исполнуваат и следните посебни минимални услови:

— да имаат соодветни уреди за капење и загревање на вода;

— да имаат рецепција;

— да имаат најмалку една заедничка просторија за дневен престој на гостите;

— собите мора да бидат суви и светли. Соба со едно легло мора да има најмалку 8 m² површина, соба со 2 легла најмалку 12 m², а соба со три и повеќе легла, за секое легло најмалку по 5 m² површина. Ако собите се опремени со вградени ормани — плакари, со одвоен простор за миење и слично, површината на собите може да биде и помала од 8 односно 12 m², но не помала од 6,5 односно 10 m².

Член 50

Угостителските објекти за исхрана, покрај општите минимални услови, мораат да ги исполнуваат и следните посебни минимални услови: да имаат работни простории за приготвување на храната и просторија за послужување и гардероба,

уреди и опрема за работа, за чување на прехранбените артикли, за разладување на храната и за послужување.

По исклучок, киосците, бифеата, крчмите и ќебапчилниците со големина до 20 м² не мораат да имаат гардероба, ВЦ и телефон, а киосците и ќебапчилниците и просторија за послужување.

Член 51

Угостителските објекти за разонода, покрај општите минимални услови, мораат да ги исполнуваат и следните посебни минимални услови: да имаат гардероба, просторија за послужување, уреди и опрема за работа, за разладување на пијалоци и храна и просторија за приготвување на храна.

## V. НАДЗОР И УПРАВНИ МЕРКИ

Член 52

Општинското собрание преку своите органи врши надзор над работата на угостителските дуќани на самостојните угостители како и на домаќинствата што вршат угостителска дејност.

Ако некоја од дејностите од претходниот став се врши без одобрение од надлежниот орган односно без пријавување на тој орган или се вршат такви дејности во спротивност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него (неовластено вршење на определени дејности), органот на пазарната инспекција ќе донесе решение со кое на угостителскиот дуќан односно на соодветното лице ќе му забрани да ја врши таа дејност.

Член 53

Ако просториите, уредите или опремата на угостителскиот дуќан или домаќинството повеќе не одговара на пропишаните технички услови во поглед на изградбата, уредите или опремата или пропишаните здравствено-технички услови, надлежниот орган на пазарната инспекција односно надлежниот орган на санитарната инспекција ќе донесе решение со кое ќе нареди отстранување на утврдените недостатоци и ќе определи рок во кој тие недостатоци мора да се отстранат.

Ако утврдените недостатоци не се отстранат во определениот рок, органот на пазарната инспекција, односно органот на санитарната инспекција, може да донесе решение за забрана на користење на просториите, уредите и опремата наменети за вршење на угостителската дејност на самостојните угостители и домаќинствата.

Член 54

Примената на управните мерки од овој закон не ја исклучува примената на управните мерки предвидени во другите постојни прописи како и примената на казнените одредби од овој закон и други прописи.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 55

Со парична казна од 300 до 3.000 динари ќе се казни за прекршок самостоен угостител:

1. кој користи дополнителна работа на повеќе од пропишаниот број работници (член 5);

2. кој издава за сместување поголем број легла од пропишаните во овој закон (член 6);

3. кој врши угостителска дејност без одобрение (член 11);

4. кој врши угостителска дејност чиј вид не е означен во одобрението (член 14 под б);

5. кој продолжи да ја врши угостителската дејност кога таа му престанала по силата на законот (член 32).

Со казната од став 1 на овој член ќе се изрече и заштитна мерка одземање на имотната корист, остварена со извршувањето на прекршокот, како и заштитна мерка одземање на предметите употребени за извршување на прекршокот.

Член 56

Со парична казна од 300 до 3.000 динари ќе се казни за прекршок самостоен угостител:

1. кој врши угостителска дејност надвор од деловната просторија (член 20);

2. кој го води угостителскиот дуќан преку работоводители подолго отколку што е одобрено (член 26);

3. кој без писмен договор засновува деловна соработка со работна или друга организација (член 38).

Со казната од став 1 на овој член ќе се изрече и заштитна мерка одземање на имотната корист остварена со извршувањето на прекршокот.

Член 57

Со парична казна од 100 до 500 динари ќе се казни за прекршок самостоен угостител:

1. кој не истакне назив под кој угостителскиот дуќан работи или не го истакне личното име на угостителот и видот на угостителскиот дуќан (член 23);

2. кој угостителскиот дуќан не го држи отворен во определеното работно време (член 24);

3. кој не ќе го објави на влезната врата на деловната просторија привременото запирање (член 27 став 2);

4. кој не ќе го пријави продолжувањето на водењето на угостителскиот дуќан (член 28).

Член 58

При изрекувањето на казна за прекршоците од член 55, 56 и 57 од овој закон судијата за прекршоци може да изрече и заштитна мерка забрана на самостојно вршење на угостителска дејност во траење од шест месеци до една година, ако тој прекршок е извршен во поврат.

Член 59

Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок стопанска организација која без договор засновува деловна соработка со самостоен угостител.

За прекршок од став 1 на овој член со парична казна до 500 динари ќе се казни и одговорното лице во стопанската организација.

Член 60

Со парична казна од 100 до 500 динари ќе се казни за прекршок лице:

1. кое издава поголем број легла или врши услуги за исхрана во поголем број од пропишаните со овој закон (член 40 став 2);

2. кое не ќе ја истакне на видно место категоријата на собите, цените на услугите или не се придржува на истакнатите цени (член 40 став 3);

3. кое користи работа на лица што не се членови на домаќинството (член 40 став 4);

4. кое издава соби или врши услуги за исхрана на патници и туристи односно исхрана на абонирци без пријавување (член 44).

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 61

Самостојните угостители на постојните угостителски дуќани се должни да го сообразат своето работење со одредбите на овој закон.

Органот на управата надлежен за угостителството на општинското собрание, со решение ќе му го забрани вршењето на угостителската дејност на самостојниот угостител кој ќе го продолжи работењето спротивно на член 8 од Законот за дополнување на Основниот закон за угостителската дејност.

Домаќинствата што според постојните прописи вршат угостителска дејност за сместување и исхрана, се должни да го сообразат своето работење со одредбите на овој закон во рок од 6 месеци од неговото влегување во сила.

Член 62

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Уредбата за приватните угостителски дуќани („Службен весник на НРМ" бр. 31/55) и Уредбата за издавање соби на туристи и патници од страна на домаќинствата („Службен весник на НРМ" бр. 30/59).

Член 63

Програмата врз основа на која ќе се врши проверувањето на стручната оспособеност, начинот на проверувањето и составот на комисијата ќе се пропишат најдоцна во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на прописот од претходниот став ќе се применуваат одредбите на Упатството за проверување и утврдување на стручна способност за самостојно обавување на угостителската дејност („Службен весник на СРМ" бр. 38/65).

Член 64

Се овластува републичкиот секретар за индустрија и трговија во рок од 3 месеци од влегувањето во сила на овој закон да донесе поблиски прописи за минималните технички услови за изградба, уредување и опремување одделно за секој вид на угостителски објект за сместување, исхрана и разонода.

Постојните угостителски објекти ќе се сообразат со одредбите на овој закон и прописот донесен врз основа на овластувањето од претходниот став во рок од 2 години од неговото влегување во сила.

---

**187.**

Врз основа на член 15 став 1 алинеја 3 од Законот за театрите и другите сценско уметнички установи („Службен весник на СРМ" бр. 16/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ВО СКОПЈЕ

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Народниот театар во Скопје:

— ИВАН ИВАНОВСКИ

— КИРО ПОПОВСКИ

II. За членови на Советот на Народниот театар во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

— ЃОРЃИ СИМЕОНОВ, секретар на Градскиот комитет на СММ во Скопје и

— НЕВЕНА ИСАКОВА, професор во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1103/1
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

**188.**

Врз основа на член 113а од Законот за измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита и организацијата на здравствената служба („Службен весник на СРМ" бр. 16/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА ЧЛЕН И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА СПЕЦИЈАЛНАТА БОЛНИЦА ЗА БЕЛОДРОБНА ТУБЕРКУЛОЗА ВО С. ЈАСЕНОВО — ТИТОВ ВЕЛЕС

I. Се утврдува дека му престанува функцијата поради истекот на мандатот член на Советот на Специјалната болница за белодробна туберкулоза во с. Јасеново — Титов Велес на:

— д-р НИКОЛА ЈОРДАНОВСКИ, лекар при Медицинскиот центар во Титов Велес.

II. За член на Советот на Специјалната болница за белодробна туберкулоза во с. Јасеново — Титов Велес, со мандат од две години се именува:

— ДИМИТАР СОЛЕВ, претседател на Општинскиот суд во Титов Велес.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1102/1
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

---

**189.**

Врз основа на член 113а од Законот за измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита и организацијата на здравствената служба („Службен весник на СРМ" бр. 16/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА БОЛНИЦАТА ЗА НЕРВНИ И ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ ВО БАРДОВЦИ

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Болницата за нервни и душевни болести во Бардовци:

— ВАСИЛ КАЛАЈЏИСКИ, советник во Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика;

— ТИХОМИР КУЗМАНОВСКИ, лекар во Клиниката за неуропсихијатриски болести при Медицинскиот факултет во Скопје.

II. За членови на Советот на Болницата за нервни и душевни болести во Бардовци, со мандат од две години, се именуваат:

— д-р РАДОСЛАВ НАУМОВСКИ, лекар на специјализација за неуропсихијатриски болести при Медицинскиот факултет во Скопје, и

— ОЛИВЕРА ПОПОВСКА, социјален работник во Центарот за социјални работници во Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1005/1
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

**190.**

Врз основа на член 23 од Законот за музејските установи („Службен весник на СРМ“ бр. 16/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ ФУНКЦИЈАТА НА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ИСТОРИСКИОТ МУЗЕЈ ВО СКОПЈЕ

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Историскиот музеј во Скопје:

— ВАСКА ПЕРЧИНКОВА, професор во Гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје, и

— ХАМИД ТАЌИ, секретар на Републичкиот одбор на Сојузот на Здруженијата на борците од НОВ за Македонија.

II. За членови на Советот на Историскиот музеј во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

— ЈОРДАН ДИМОВСКИ, професор на Педагошката академија во Скопје, и

— ПАНЧЕ МИХАЈЛОВ, уредник во НИП „Нова Македонија“ — Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето ,а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-938/1
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

**191.**

Врз основа на член 23 од Статутот на Заводот за водостопанство на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ ФУНКЦИЈАТА НА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО НА СРМ

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Заводот за водостопанство на СРМ:

— д-р ЕФТИМ БОЈАЏИЕВ,

— инж. РИСТО ГРУПЧЕ,

— инж. МЕТОДИ САПУНЏИЕВ.

II. За членови на Советот на Заводот за водостопанство на СРМ, со мандат од две години, се именуваат:

— инж. СЛАВЕ ЦОНЕВ, технички директор на водостопанската работна организација во Кочани;

— инж. МЕТОДИЕ ЦВЕТКОВСКИ, директор на водостопанската работна организација „Пелагонија“ во Битола и

— инж. МИХАИЛ СЕРАФИМОВСКИ, доцент на Техничкиот факултет во Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-1029/1
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

**192.**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за усогласување на прописите за одделни установи основани од републички органи („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65) и точка 4 од Решението на Заводот за унапредување на шуми во Скопје („Службен весник на СРМ“ бр. 39/54), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ ФУНКЦИЈАТА НА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ШУМИ ВО СКОПЈЕ

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Заводот за уредување на шуми во Скопје:

— АЛЕКСАНДАР АНДОНОВСКИ, и

— инж. НИКО ПОПНИКОЛА.

II. За членови на Советот на Заводот за уредување на шуми во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

— инж. ТРАЈЧЕ НИКОЛОВСКИ, научен советник во Шумарскиот институт во Скопје, и

— д-р ЖИВКО ПАРИШКО, управник на Националниот парк „Пелистер“ во Битола.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-952/1
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

**193.**

Врз основа на член 18 од Законот за социјалните установи („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ОШТЕТЕН ВИД ВО СКОПЈЕ

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Заводот за деца и младинци со оштетен вид во Скопје на:

— ПЕТАР ЗАФИРОВСКИ,

— д-р САВИЦА ЈАНЕВА,

— ВЕРА ПОПОВА.

II. За членови на Советот на Заводот за деца и младинци со оштетен вид во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

— д-р СТЕВАН ЧАКАР, специјалист за очни болести во Очната клиника во Скопје;

— РОЗА ЦОЛЕВА, референт за социјална заштита во Општината Скопје, и

— НАДА ВЕЛКОВА, лекар на работа во Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-1042/1
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

**194.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 3 од Законот за организацијата и надлежноста на органите на Инспекцијата на трудот („Службен весник на СРМ“ бр. 12/66 год.), републичкиот секретар за труд донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСТАНОВА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СТРУЧНИ НАОДИ (ЦЕРТИФИКАТИ) И УВЕРЕНИЈА ЗА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТАТА

1. Се определува Градежно-машинскиот центар за образование на кадри во градежништвото во Скопје, како стручна установа да врши периодични испитувања на дигалки (кранови), кои се употребуваат во работни организации и за истите да издава стручни наоди (цертификати), предвидено со член 70 од Основниот закон за заштита при работа.

2. Ова решение влегува во сила третиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 10-561/1
12 мај 1969 година
Скопје

Републички
секретар за труд,
**Вите Исјановски,** с. р.

---

**195.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста на точка II од Одлуката за дополнување на Одлуката за стопите на додатниот придонес за инвалидското и пензиското осигурување за покривање на зголемените обврски на инвалидското и пензиското осигурување поради сметањето на стажот на осигурувањето со зголемено траење и смалувањето на старосната граница за 1968 година бр. 01-3163/1 од 21 октомври 1968 година на Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на основа на јавната расправа, одржана на 8 мај 1968 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Главниот директор на Службата за општествено книговодство — Централа во Скопје за оценување уставноста на точка II од Одлуката за дополнување на Одлуката за стопите на додатниот придонес за инвалидското и пензиското осигурување за покривање на зголемените обврски на инвалидското и пензиското осигурување поради сметањето на стажот на осигурувањето со зголемено траење и смалувањето на старосната граница за 1968 година бр. 01-3163/1 од 21 октомври 1968 година на Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје во делот кој гласи „а ќе се применува од 7 мај 1968 година, како ден на стапувањето во сила на Законот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со наголемено траење“.

2. Главниот директор на Службата за општествено книговодство — Централа во Скопје поднесе предлог за оценување согласноста на точка II од посочената Одлука во наведениот дел со одредбите на член 154 од Уставот на СФРЈ затоа што, според становиштето изнесено во предлогот, со неа на Одлуката и се дава повратно дејство кога нејзиното применување се поврзува со денот на влегувањето во сила на Законот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со наголемено траење. Подносителот на предлогот смета дека овој Закон не содржи овластување за давање повратно дејство на наведената одлука.

Бидејќи прашањето за забрана на повратното дејство на прописите и другите општи акти е содржано и во одредбите на член 206 од Уставот на СР Македонија, Уставниот суд на Македонија ја прифати надлежноста да одлучува по поставеното барање.

3. Одлучувајќи по предлогот на главниот директор на Службата на општественото книговодство — Централа во Скопје за оцена на уставноста на означената точка од Одлуката, Уставниот суд на Македонија го утврди следното:

Според одредбите на член 206 од Уставот на СР Македонија, прописите и другите општи акти не можат да имаат повратно дејство. Само со закон може да се определи одделни негови одредби и прописи донесени на основа на такви одредби да имаат повратно дејство.

Со точка II на Одлуката е определено дека нејзиното применување започнува со денот на влегување во сила на Законот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со наголемено траење. Со одредбите на овој закон е определено, покрај другото, и соодветно зголемување на стажот на осигурување на оние работни места на кои вршењето на работи е особено тешко и штетно за здравјето. Така, со овој закон е определено, покрај другото, и тоа дека секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци. Според тоа, правото на бенифициран стаж на осигурување е конституирано со закон.

Според одредбите на точка 2, став 2 на член 6 од Законот за измени и дополненија на Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/66), обврската за плаќање на додатниот придонес по стопи што ќе ги определат со свои одлуки собранијата на републичките заедници на социјалното осигурување започнува од првиот ден на наредниот месец по денот на влегувањето во сила на посебниот сојузен закон со кој се утврдени новите работни места на кои стажот на осигурувањето се смета со наголемено траење.

Влегувањето во сила на Одлуката е сврзано со влегувањето во сила на Законот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со наголемено траење.

Бидејќи такво овластување постои согласно точка 2, став 2 на член 6 од Законот за измени и дополненија на Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување, Уставниот суд на Македонија смета дека точка II од Одлуката не е во несогласност со одредбите на член 206 од Уставот на СР Македонија. Ова заради тоа што наведената уставна одредба дава можност за повратно дејство на прописите и другите општи акти, ако е тоа со закон определено. Во конкретниот случај, со наведениот сојузен закон е определено одлуките на собранијата на републичките заедници на социјалното осигурување, со кои се пропишуваат обврски за плаќање на додатен придонес, да имаат повратно дејство. Според тоа, означената точка на Одлуката не е во спротивност со наведената уставна одредба.

На основа на гореизнесеното, Уставниот суд на Македонија ја донесе оваа одлука.

4. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

У. бр. 10/69
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Перо Коробар,** с. р.

**196.**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИК НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ**

ДО СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, откако ги прими изборните акти од повторното гласање за избор на пратеник на Стопанскиот собор во изборната единица СКОПЈЕ IV, во смисла на член 166, а во врска со член 149 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Стопанскиот собор му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ПОВТОРНОТО ГЛАСАЊЕ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИК НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА СКОПЈЕ IV

1. Во изборната единица СКОПЈЕ IV на 23 април 1969 година не беше избран пратеник на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

2. Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — Скопје, со решение бр. 106/1 од 28 април 1969 година, распиша повторно гласање во изборното тело.

3. Повторното гласање се изврши на 14 мај 1969 година.

4. Во изборната единица СКОПЈЕ IV од 381 членови на изборното тело, на 14 мај 1969 година гласале 249, од кои:

За кандидатот ДИМЧЕ БРАЖАНСКИ 99; и
За кандидатот РИСТО ПЕТРОВСКИ 146.

Неважни гласачки ливчиња има 4.

6. Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, врз база на член 146 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, го утврди резултатот во изборното тело на општината на град Скопје и за избран пратеник во изборната единица СКОПЈЕ IV го прогласи РИСТО ПЕТРОВСКИ, од Скопје.

Повторното гласање е извршено во склад со одредбите од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

7. Републичката изборна комисија на Стопанскиот собор, во прилог на Извештајов ги доставува и изборните акти по повторното гласање во изборната единица СКОПЈЕ IV.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, **Никола Алексовски,** с. р.
Претседател, **Киро Никовски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I

Пред Општинскиот суд Скопје I, се води постапка по предлог на Никола Марковски од Скопје, за огласување за неважно на свидетелството за завршено основно училиште со траење од 6 години во село Новоселани, Грција, од 1923 до 1930 година, на име Никола Марковски, загубено во текот на 1947—1949 година.

Се повикува секое лице што го поседува или нешто знае за загубеното свидетелство, да јави на судот во рок од 30 дена по објавувањето во „Службен весник на СРМ“. Во противен случај по истекот на рокот свидетелството ќе се огласи за поништено.

Од Општинскиот суд Скопје I, Р. бр. 145 од 23. IV. 1969 год. (35)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

Во Општинскиот суд во Прилеп, се води постапка за докажување на смртта на Королија Милан, роден 10. I. 1927 година, во село Ново Лагово, Прилеп.

За истиот се претпоставува дека загинал во НОБ на 20. X. 1941 година, кај селото Никодин, Прилепско.

Се поканува секое лице што знае нешто за него да јави во рок од 3 месеци по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“.

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 455/67. (34)

---

Во Општинскиот суд во Прилеп, се води постапка за докажување на загубено свидетелство за завршено IV одделение, во основното училиште во село Витолиште, на име Попоска Трајкова Љуба по маж Василеска, во учебната 1941/42 година.

Се поканува секое лице што го нашло или ќе го најде гореневеденото свидетелство, да му јави на Општинскиот суд во Прилеп, во рок од 3 месеци по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“.

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 986/68. (37)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. X. 1968 година, страна 502, реден број 8 е запишано основањето на Продавница „Костаке Тасев“, со седиште во село Дабиља, Струмичко.

